**20121403404**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 20 став 6 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, и 26/2012), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 9 октомври 2012 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОСТАВОТ, НАДЛЕЖНОСТА И НАЧИНОТ НА РАБОТАТА НА ЛЕКАРСКИТЕ КОМИСИИ НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Правилникот за составот, надлежноста и начинот на работата на лекарските комисии на Фондот за здравствено осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 53/2012), во членот 3 по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„По исклучок, во случај кога нема вработено лекар во подрачната служба на Фондот во истата и во околните подрачни служби, лекарската комисија е составена од три надворешни члена.“

Член 2

Во членот 3 став 4 бројот „3“ се заменува со бројот „4“.

Член 3

Во членот 3 став 5 бројот „4“се заменува со бројот „5“.

Ставовите 3,4,5, и 6 стануваат ставови 4,5,6, и 7.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-18500/11
9 октомври 2012 година
Скопје

Управен одбор,
**Елена Трпковска,** с.р.